РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
ДРЖАВЕН АРХИВ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
Бр. 22-3338/1
03.12. 2018 год.
СКОПЈЕ

ДРЖАВЕН АРХИВ
на Република Македонија

# ПОВИК

## ЗА ПРИБИРАЊЕ ПРЕДЛОЗИ ЗА ПУБЛИКУВАЊЕ ВО 2019 ГОДИНА

Државниот архив на Република Македонија објавува повик за прибирање на предлози за публикување на:

- монографии (публикаци што исцрпно обработуваат одреден настан, проблем, прашање, тема или личност од историјата на Македонија);
- зборници на документи;
- коментари за одредени историски теми, настани и личности;
- оргинални трудови од истакнати историски личности;
- стручни трудови од областа на архивистиката и
- други публикации релевантни за архивската дејност.

Рокот за доставување на предлозите за публикување е до 14 декември 2018 година.

Комисијата за издавачка дејност при Државниот архив на Република Македонија одлучува дали одреден предлог ќе биде прифатен или не и за истото ги информира доставувачите на предлозите, најдоцна до крајот на јануари 2019 година.

Предлог за публикување до Државниот архив на Република Македонија поднесува авторот (редакторот).

Предлогот треба да содржи:

- наслов на публикацијата (работен или конечен);
- име и презиме на авторот или редакторот на публикацијата со кратка биографија, список на претходно објавени публикации и контакт информации;
- име и презиме на авторот на предговорот (вовед);
- поговор или коментар;
- име и презиме на лицето што прави избор на документите (доколку се прави избор);
- краток приказ на публикацијата;

- временска рамка за подготовка на публикацијата и
- заклучок.

Трудот што се поднесува треба да е изработен според вообичаените правила и стандарди за издавање стручни трудови.

Сите трудови треба да се отчукани со македонска поддршка во некоја од програмите на MS Word, спимени во формат на документ (**.doc). Задолжителна е употребата на фонтот Times New Roman. Во текстот големината на буквите е 12 точки, а проредот 1,5. Во белешките големината на буквите е 10 точки, а проредот најмал (single).

Сите заинтересирани своите трудови можат да ги испратат на следната адреса:
Државен архив на Република Македонија
- за Комисијата за издавачка дејност
Кеј „Димитар Влахов“ бр. 19
1000 Скопје
или во електронска форма на следниот e-mail: info@arhiv.gov.mk.

Скопје, 30 ноември 2018 г.

Директор,
Кирил Петров